РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ПЕХЧЕВО
Бр 08-1384/1
24.11. 2023 год
ПЕХЧЕВО

Врз основа на член 36 став 1 точка 2 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на РМ бр.5/2002), а во врска со член 34 од Законот за буџети (Службен весник на РМ бр.64/2005, 04/2008, 103/2008, 156/2009, 95/2010, 180/2011, 171/2012, 192/2015 и 167/2016) и Службен весник на РСМ бр. 151/2021, 203/22), Советот на Општина Пехчево на 21-та седница одржана на 24.11.2023 година донесе

**ОДЛУКА**
**За измена на распоредот на средствата на Буџетот на општина Пехчево за 2023 година**

Член 1

Со оваа одлука се врши измена на распоредот на средствата на Буџетот на Општина Пехчево за 2023 година, на следниот начин:

| Потпрограма Потставка | | БУЏЕТ | САМОФИН. | ДОТАЦИИ | ДОНАЦИИ | КРЕДИТИ |
|---|---|---|---|---|---|---|
| E00 | ОПШТИНСКА АДМИНИСТРАЦИЈА | | | | | |
| 401120 | Основни плати - државни службеници | 197.000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| J60 | ОДРЖУВАЊЕ И ЗАШТИТА НА ЛОКАЛНИ ПАТИШТА, УЛИЦИ | | | | | |
| 493210 | Отплата на главнината на долгорочни позајмува | -197.000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| | | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |

Член 2

Одлуката влегува во сила од денот на објавувањето во Службен гласник на општина Пехчево и станува составен дел на Буџетот на Општината за 2023 година.

Бр. 08-1384/1
24.11.2023 година

Совет на општина Пехчево
Претседател
Виолета Ѓорѓиевска
В.Ѓорѓиевска

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ПЕХЧЕВО
Бр 03-1384/2
24. 11. 2023 год
ПЕХЧЕВО

**О П Ш Т И Н А   П Е Х Ч Е В О**

**ОБРАЗЛОЖЕНИЕ на Измената на распоредот на средствата на БУЏЕТОТ на општина ПЕХЧЕВО за 2023 година**

Врз основа на член 34 од Законот за буџетите ("Службен весник на РСМ" бр.151/21 и 203/22), а во согласност со член 36 став 1 точка 2 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 5/2002) и член 30 од Статутот на Општина Пехчево ("Службен гласник на Општина Пехчево бр. 03/2021) Ви ја доставуваме Измената на распоредот на средствата (Пренамената) на Буџетот на Општина Пехчево за 2023 година.

Оваа Измена на распоредот на средствата на Буџетот на Општина Пехчево за 2023 година се врши само кај сметката за основен буџет поради потребата од реално претставување на висината на поодделните расходи, планирани во овој дел од Буџетот на општината за 2023 година.

Потребата за донесување на Одлуката за Измена на распоредот на средствата во Буџетот на општина Пехчево за 2023 година, во делот кај сметката за основен буџет, се создаде со неискористеност на средставата од конто 493210 наменети за отплата на главнината на долгорочни позајмувања и потребата за прераспределба на истите во ист износ на конто 401120- Основни плати-државни службеници. Пренамената е направен поради недоволно средства на контото за основни плати, а истото се има појавено поради предвремено раскинување на боледување на вработен а за истото имавме најавено дека ќе биде на боледување заклучно со 30.11.2023 година.

Анализата на приходите и расходите во Буџетот на Општината и планираните реални приходи и расходи за тековната година се земени како основа во проектирањето на оваа Пренамена на дел од средствата во Буџетот на Општина Пехчево за 2023 година.

Соодветно на тоа се достави предлог - Одлука за Измена на распоредот на средствата на Буџетот на општината за 2023 година до Советот на 24.11.2023 година.

24.11.2023 година
Пехчево

Општина Пехчево
Градоначалник
Александар Китански
---------------------------

Изработил:Анетка Цветковска